Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 14 став 1точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка"бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 и 01/23 ), а во врска со член 5 став 4 од Законот за даноци на имот („(„Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21)и Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14 ), Советот на ОпштинаКрива Паланка на седницата одржана на ден 28.02.2023 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

## За процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот на пресметување на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка и се определуваат зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот – деловни објекти, простории, станбени згради, станбени куќи, други градежни објекти, помошни објекти и градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште, а во согласност со Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука се:

- Преглед по зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот – деловни објекти, простории, градежно изградено и неизградено земјиште со таква намена во Општина Крива Паланка;
- Преглед по зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот – станбени згради, станбени куќи, други градежни објекти, помошни објекти и градежно изградено и неизградено земјиште со таква намена во Општина крива Паланка;
- Преглед за проценка на пазарна вредност за земјоделско земјиште за Општина Крива Паланка од извршени купопродажби на земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка според просечни цени;

Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.09-773/25 од 14.03.2019 година, донесена од страна на Советот на Општина Крива Паланка

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 09-1111/13**
**28.02.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**